Службен весник на Република Македонија

Број 135 **26 септември 2017, вторник** **година LXXIII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2686.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈП за Стопанисување со пасишта – Скопје.....	2
2687.	**Решение** за именување членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.....	2
2688.	**Решение** за именување в.д. член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта.....	3
2689.	**Решение** за именување член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија.....	3
2690.	**Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството - Битола.....	3
2691.	**Решение** за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево.....	3
2692.	**Решение** за именување членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.....	3
2693.	**Решение** за именување в.д. член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ - Свети Николе.....	4
2694.	**Решение** за именување на в.д. претседател и в.д. членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права.....	4
2695.	**Правилник** за структурата, организацијата и реализацијата на специјалистичкиот испит.....	4
2696.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија.....	8
2697.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија.....	8
2698.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.....	9
2699.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер.....	9
2700.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер.....	9

		Стр.
2701.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за премер на недвижности.....	**10**
2702.	**Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Германија.....	**10**
2703.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**10**
2704.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**11**
2705.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**12**
2706.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**13**
2707.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**13**
2708.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**14**
2709.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**15**
2710.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**16**
2711.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**16**
2712.	**Решение** од Државниот инспекторат за локална самоуправа.....	**17**
2713.	**Решение** од Државен инспекторат за локална самоуправа.....	**18**
2714.	**Решение** од Државен инспекторат за локална самоуправа.....	**19**
2715.	**Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец август 2017 година.....	**19**
	Огласен дел.....	**1-108**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2686.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА – СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за Стопанисување со пасишта – Скопје, се именуваат:

- Марија Андонова Стоименова
- Емилија Галабовска Биљарска
- Андријана Томовска
- Јасмина Пакашка
- Марија Митрова - Насков.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-4401/1
3 август 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2687.

Врз основа на член 156 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2013, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, се именуваат:

- Нусри Нуредини
- Ристо Франгов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-5018/1
3 август 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2688.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. За вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта, се именува Фатмир Буши.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-5071/1
22 август 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2689.

Врз основа на член 20 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, се именува Александар Касапинов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-5219/1
3 август 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2690.

Врз основа на член 4 од Законот за основање на Агенција за потикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/1998 и 43/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството - Битола, се именува Зоран Стојчевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-5277/1
3 август 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2691.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ - КИЧЕВО

1. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, се именуваат:
- Зорица Чепујноска
- Ален Цаноски
- Лирим Фејза
- Исмаил Мехмеди
- Насер Исмаили.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-5538/1
3 август 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

2692.

Врз основа на член 70 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1. За членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се именуваат:
- проф. д-р Розалинда Поповска Коскарова
- проф. д-р Гордана Попсимонова
- проф. д-р Марина Митревска
- проф. д-р Мишо Докмановиќ
- проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска
- проф. д-р Башким Зибери
- проф. д-р Беким Фетаи
- проф. д-р Гоце Арменски
- проф. д-р Тале Герамитчиоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6010/1 Претседател на Владата
3 август 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

2693.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12 септември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - „ПРИМАРИУС Д-Р ЃОРЃИ ГАВРИЛСКИ“ - СВЕТИ НИКОЛЕ

1. За вршител на должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ - Свети Николе, се именува Јагода Санева.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6016/1 Заменик на претседателот
12 септември 2017 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

2694.

Врз основа на член 142 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010, 51/2011, 147/2013 и 154/2015) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 155/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12 септември 2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ И В.Д. ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

1. За вршител на должноста претседател и вршители на должноста членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права се именуваат:

а) за в.д. претседател
- проф. д-р Нина Даскалова-Старделова

б) за в.д. членови:
- проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска
- проф. д-р Ненад Гавриловиќ
- Снежана Калеска-Ванчева
- Лидија Голубова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-6017/1 Заменик на претседателот
12 септември 2017 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

2695.

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за стручното образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15 и 55/16), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува структурата, организацијата и реализацијата на специјалистичкиот испит.

Член 2

Со специјалистичкиот испит се проверуваат стекнатите компетенции на ученикот по завршување на програмите за постсредно образование за одреден тип на специјализација.

Член 3

Специјалистичкиот испит се состои од:

- стручно-теоретски дел, со што се проверуваат стручно-теоретските знаења и
- практичен дел со што се проверуваат стекнатите вештини и способности.

Член 4

За полагање на специјалистичкиот испит кандидатот се пријавува со поднесување на пријава до установата, односно организацијата за постсредно образование (во натамошниот текст: установата), најдоцна 30 дена пред почетокот на јунскиот и августовскиот испитен рок и испитниот рок што се спроведува за време на зимскиот распуст.

Термините за одржување на специјалистичкиот испит се утврдуваат од страна на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит.

Стручно теоретскиот дел се спроведува пред практичниот дел. Пред започнување со полагање на секој дел од специјалистичкиот испит тестаторот ги запознава кандидатите со начинот на полагање на испитот и со нивните права и должности.

Член 5

Кандидатот кон пријавата приложува доказ дека успешно ги завршил програмите за специјалистичко образование, најдоцна три дена пред завршување на рокот за пријавување.

Во пријавата, кандидатот наведува дали полага цел испит или дел од испитот.

Ако кандидатот не приложи докази за исполнување на условите за полагање на специјалистичкиот испит согласно став 1 на овој член, или од доказите произлезе дека не ги исполнува пропишаните услови не го полага специјалистичкиот испит.

Член 6

Установата за постсредно образование утврдените термини за полагање на специјалистичкиот испит ги истакнува на огласна табла на установата најдоцна две седмици пред почетокот на полагањето на испитот.

Член 7

Кандидатот во еден ден може да полага само еден дел од испитот. Испитите може да се изведуваат и во сабота.

Член 8

Најдоцна седум дена по завршувањето на рокот за пријавување, Комисија за спроведување на специјалистичкиот испит, на огласна табла ја објавува листата на кандидатите кои ги исполнуваат условите за полагање на специјалистичкиот испит.

Член 9

Организацијата и реализацијата на специјалистичкиот испит се врши од страна на Комисијата за спроведување на специјалистички испит, Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел и Испитната комисија за реализација на практичниот дел.

Член 10

Од страна на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит се вршат следните работи:

- соработување со Центарот за стручно образование и обука (во понатамошниот текст: ЦСОО) во врска со подготовката, организирањето и спроведувањето на специјалистичкиот испит;
- формирање на Испитна комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел и Испитна комисија за реализација на практичниот дел;
- подготвување на полагањето и обезбедување на потребни материјално-технички и просторни услови за спроведување на испитот;
- обезбедување на тајност на испитниот материјал;
- определување на тестатори за писмениот дел од испитот;
- утврдување на листата на практичните задачи/вежби на кандидатите;
- определување на термините за полагање на специјалистичкиот испит;
- изготвување на распоред (список) на кандидатите по простории;
- објавување на распоредот за полагање на специјалистички испит;
- означување на почетокот и крајот на испитот;
- подготвување на извештаи за резултатите од испитите и
- одлучување за кандидатите кои го нарушиле испитниот ред.

Член 11

Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел се состои од претседател, двајца членови и нивни заменици од редот на наставниците.

Член 12

Од страна на Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел се вршат следните работи:

- подготвување на испитен материјал;
- прегледување и оценување на писмените работи на кандидатите, согласно критериумите за претворање на бодови во оценки од испитните програми;
- изготвување на список со резултатите на кандидатите и негово доставување до претседателот на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит;
- давање насоки на тестаторите за начинот на реализација на стручно-теоретскиот дел од специјалистичкиот испит и
- извршување на други задачи во врска со испитот по соодветниот предмет.

Член 13

Заради обезбедување на објективноста на испитот од стручно - теоретскиот дел, назначените тестатори не се од редот на наставниците од струката од која се реализира специјалистичкиот испит.

Член 14

Од страна на Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел се предлагаат тестови врз основа на испитната програма.

Полагањето на стручно-теоретскиот дел може да трае најдолго три часа.

Кандидатите стручно-теоретскиот дел го полагаат истовремено.

Од страна на училиштето се обезбедуваат услови секој кандидат да работи самостојно и непречено.

По завршување на полагањето, кандидатот го предава тестот на тестаторот. Ако за определеното време кандидатот не го довршил тестот, го предава она што го изработил.

Предавањето на секој тест се евидентира во записник од страна на тестаторот.

По завршување на полагањето од страна на сите кандидати, тестаторот ги предава сите тестови на претседателот на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит.

Претседателот на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит ги предава тестовите на претседателот на Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел.

Тестовите се прегледуваат и оценуваат од страна на членовите на Испитната комисија за реализација на стручно-теоретскиот дел.

Член 15

Испитната комисија за реализација на практичниот дел се состои од три члена и нивни заменици од кои по еден член од редот на наставниците, еден член од редот на коморите и еден член од редот на Социјално-економскиот совет на општината или од редот на социјалните партнери со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.

Член 16

Од страна на Испитната комисија за реализација на практичниот дел се вршат следните работи:

- предлагање на листа на практични задачи/вежби, согласно испитната програма до Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит;
- определување на работните задачи за кандидатите, согласно утврдената листа;
- изготвување на критериуми за вреднување на практичната задача/вежба;
- вреднување на постигањата на кандидатите, согласно изготвените критериуми;
- изготвување на список со резултатите на кандидатите и го доставува до претседателот на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит и
- извршување на други задачи во врска со испитот по соодветниот предмет.

Член 17

Практичниот дел од специјалистичкиот испит се состои од: практична задача односно изработка и/или изведба на производ или услуга, опис на техничко-технолошките постапки поврзани со практична задача и одбрана на практичната задача, преку кој треба да се проверуваат, вреднуваат и оценуваат општите и стручни компетенции на кандидатот во согласност со нивото на квалификацијата која ја стекнува.

Член 18

Практичниот дел од специјалистичкиот испит може да се полага во установата, во компанијата каде што кандидатот ја обавувал практичната обука или во други организации кои ги исполнуваат условите за полагање на практичниот дел од специјалистичкиот испит.

Полагањето на практичниот дел од специјалистичкиот испит може да трае најдолго четири часа.

Практичниот дел се изведува со:

- подготовка за извршување на задачата;
- извршување на практичната задача и
- усна одбрана на задачата.

Подготовката за извршување на практичната задача ја врши кандидатот самостојно, со избор на инструменти, алати прибори, материјали, нацрти, пресметки, спецификација на материјали и др.

Практичната задача содржи извршување на конкретни задачи или извршување на еден дел од процесот на работа. Изведувањето на практичната задача ја следи предметниот наставник - ментор, кој може да биде консултиран од страна на кандидатот за определени прашања.

Со усната одбрана на извршената практична задача, која може да трае најмногу 20 минути, се проверува способноста на кандидатот да ги објасни изборот, содржините, постапките, методите и сé друго што користел во текот на изработката на задачата.

Доколку кандидатот не ја заврши практичната задача во определеното време, се вреднува делот што го завршил во предвидениот временски рок.

Текот и завршувањето на практичната задача за секој кандидат се евидентира во записник.

Член 19

Двата дела од завршниот испит се оценуваат одделно. Оценувањето се врши со оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Оценката недоволен (1) е негативна.

Кандидатот кој не ја изработил успешно практичната задача не може да оди на нејзина одбрана и повторно се упатува на полагање на практичниот дел.

Успешноста на изработената практична задача се оценува според содржините во испитните програми.

Член 20

Претворањето на бодовите во оценки за практичниот дел од специјалистичкиот испит се врши од страна на испитните комисии пред спроведувањето на испитот, при што се определува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодови за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења и способности кои кандидатот треба да ги покаже на испитот (во натамошниот текст: праг на положеност).

Начинот на претворање на бодовите во оценки и прагот на положеност за практичната задача се содржат во испитните програми.

Секој член од Испитната комисија за реализација на практичниот дел врши индивидуално оценување на секој дел од испитот, а потоа, се претвораат бодовите во оценки. На крај сите членови од Испитната комисија за реализација на практичниот дел ја формираат оценката на кандидатот.

Член 21

По завршеното полагање на завршниот испит, од страна на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит се разгледуваат резултатите и успехот на кандидатите и се утврдува кои кандидати го положиле испитот, кои кандидати не го положиле испитот, кои кандидати не положиле одделен дел од специјалистичкиот испит, на кои кандидати им е одложен специјалистичкиот испит или кои кандидати се отстранети од полагањето на испитот.

Прелиминираните резултати од специјалистичкиот испит се објавуваат најдоцна три дена по завршувањето на полагањето на специјалистичкиот испит.

Член 22

Кандидатот го положил специјалистичкиот испит ако на двата дела добил позитивна оценка.

Кандидатот што добил негативни оценки по еден или по двата дела од специјалистичкиот испит, се известува за постигнатиот успех по одделните делови и се упатува повторно да ги полага истите во наредните испитни рокови.

Член 23

Кандидатот, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето, во пресметувањето на бројот на бодовите или во претворањето на бодовите во оценка, може да достави приговор на оценката од испитот до Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит најдоцна три дена од денот на објавувањето на прелиминарните резултати.

Приговорот се разгледува од страна на испитната комисија во присуство на еден член од Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит, најдоцна три дена од приемот на приговорот.

Ако комисијата од став 1 на овој член констатира дека е направена грешка, во тој случај дава нова оценка за што го информира кандидатот.

Член 24

Кандидатот кој успешно го положил специјалистичкиот испит и сака да го подобри успехот од еден или од двата дела, може во наредниот испитен рок повторно да полага и на истиот му се дава оценката што ја постигнал на повторното полагање.

Член 25

Одредбите од овој правилник соодветно се применуваат и на кандидатите со посебни потреби во средното образование.

Член 26

Од страна на Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит, во консултација со Центарот за стручно бразование и обука и Бирото за развој на образованието се подготвува и осмислува начинот на прилагодување на деловите од специјалистичкиот испит за кандидатите со посебни потреби.

Прилагодувањето на специјалистичкиот испит за кандидатите со посебни потреби треба да биде соодветно на нивното искуство стекнато во наставниот процес.

Член 27

Специјалистичкиот испит за кандидатите со посебни потреби, може да трае најмногу до 50% подолго од времето предвидено за испитот по соодветниот дел. Комисијата за спроведување на специјалистичкиот испит може да предвиди и време за одмор на кандидатот (пауза).

Член 28

За кандидатите со посебни потреби може да се извршат следните прилагодувања:

- ослободување за полагање од дел од испитниот материјал;
- техничко прилагодување на испитниот материјал;
- полагање со помошник;
- употреба на посебни помагала;
- наместо писмен, спроведување устен испит и обратно;
- прилагоден испит со употреба на Брајово писмо и /или знаковен јазик и
- прилагодена подготовка на изготвување на практичната задача и нејзино оценување.

Член 29

За кандидатот со телесен инвалидитет или мултихендикеп, доколку е потребно, се обезбедува читач и запишувач на одговорите (помошник).

Помошникот не треба да биде негов наставник или негов роднина.

Помошникот може да биде еден од членовите на испитната комисија.

Член 30

Кандидатот со посебни потреби може да користи компјутер, при што не може да има пристап до било какви програми кои би му овозможиле полесно да го положи испитот. Една копија од одговорите на кандидатот се чува како електронски запис на надворешна меморија, една копија се печати, а потоа од страна на претседателот на испитната комисија одговорите на кандидатот се бришат од компјутерот.

Член 31

Кандидатот со тешки пречки во говорот, може да се ослободи од усниот дел од испитот или истиот да го полага со асистирање на интерпретатор.

Член 32

Кандидатот со оштетен слух може да се ослободи од усниот дел од испитот или истиот да се спроведе со помош на интерпретатор на знаковен јазик.

Член 33

На кандидатот со оштетен вид треба да му се обезбеди во текот на испитот да користи видно писмо (слабовиди кандидати) и Брајово писмо (слепи кандидати).

Член 34

Презентацијата и одбраната на практичната задача треба да се прилагодат така што кандидатот со посебни потреби да може да ги покаже своите знаења и способности.

Член 35

За кандидатот со посебни потреби оценувањето се прилагодува соодветно на испитниот материјал.

Заради поголема објективност, текот на специјалистичкиот испит за кандидатот со посебни потреби може да се евидентира и со дополнителен записник.

Член 36

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-11631/1
21 септември 2017 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
Рената Дескоска, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2696.

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73, став 1, алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 20.09.2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Љубица Ристеска, судија на Основниот суд Куманово, поради навршени 64 години.

Решението влегува во сила од 20.9.2017 година.

Бр. 02-1264/1
21 септември 2017 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Зоран Караџовски, с.р.

2697.

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73, став 1, алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 20.9.2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Нојко Арсов, судија на Основниот суд Радовиш, поради навршени 64 години.

Решението влегува во сила од 20.9.2017 година.

Бр. 02-1265/1
21 септември 2017 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Зоран Караџовски, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2698.

☐Комисијата за хартии од вредност Република Македонија врз основа на член 39 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на РМ“ бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016) и Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање одобрение за избор на депозитарна банка („Службен весник на РМ“ бр.153 /2009 и бр. 85/2014)., постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КД Фондови АД Скопје од 21.7.2017 година, на седницата одржана на ден 18.9.2017 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА одобрение на барањето на ДУИФ КД Фондови АД Скопје за промена на депозитарна банка и се избира Шпаркасе банка Македонија АД Скопје за депозитарна банка на инвестициските фондови КД Брик, КД Нова ЕУ, КД Кеш Депозит и КД Топ Брендови, согласно одлуката на друштвото број 02-78/3 од 19.7.2017 година.

2. Шпаркасе банка Македонија АД Скопје ќе може да ги преземе работите на депозитарна банка со фондовите со кои управува ДУИФ КД Фондови АД Скопје во роковите определени во Законот за инвестициски фондови и депозитарниот договор склучен меѓу банката и друштвото.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ДУИФ КД Фондови АД Скопје во рок не подолг од 30 дена од правосилноста на ова решение извршената промена на депозитарна банка и новонастанатите услови кои произлегуваат од депозитарниот договор соодветно да ги вгради во сите документи на фондовите со кои управува.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01 УП 08-103
18 септември 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2699.

☐Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето бр.УП1 08-105 од 18.8.2017 година на седницата одржана на ден 18.9.2017 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на лицето Михајло Брова Зиков од Скопје издадена со Решение бр.07-3155/5 од 26.11.2007 година и обновена на ден 21.9.2012 година со Решение бр.УП1 08-206.

2. Дозволата за работење на брокер на лицето Михајло Брова Зиков се обновува за период од 5 (пет) години од денот на донесување на ова решение.

3. Дозволата за работење на брокер на лицето Михајло Брова Зиков престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со Закон.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 08-105
18 септември 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2700.

☐Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето бр.УП1 08-106 од 18.08.2017 година на седницата одржана на ден 18.09.2017 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на лицето Ирена Каневче од Скопје издадена со Решение бр.07-173/2 од 21.01.2008 година и обновена на ден 21.09.2012 година со Решение бр.УП1 08-207.

2. Дозволата за работење на брокер на лицето Ирена Каневче се обновува за период од 5 (пет) години од денот на донесување на ова решение.

3. Дозволата за работење на брокер на лицето Ирена Каневче престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со Закон.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 08-106 Комисија за хартии од вредност

18 септември 2017 година
Скопје

на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

2701.

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 121/13, 169/13, 95/15, 128/15, 157/16, 176/16 и 195/16) во членот 18 став (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ кое земјиште не треба да биде помало од 1 м2.“

Во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кое земјиште не треба да биде помало од 1 м2.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр 0101-23804/1
22 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Дејан Ампев, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

2702.

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Германија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/17, 18/17, 29/17, 47/17 и 67/17).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2917/3
24 август 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

2703.

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 1 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10, 187/13 и 43/14 го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Примената на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво (Одлука бр. 09-337/2 од 07.09.2017 година), донесена од Советот на Општина Аеродром, објавена во („Службен гласник на Општина Аеродром“) бр.15/2017, СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10, 187/13 и 43/14 по службена должност изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на општина Аеродром објавени во („Службен гласник на Општина Аеродром“) бр.15/2017, кои Градоначалникот на Општина Аеродром согласно членот 71 став 1 од Законот за локалната самоуправа ги достави до овој Орган на 15-09-2017 година, и утврди дека Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, (Одлука бр.09-337/2 од 07.09.2017 година, донесена од Советот на општина Аеродром, не е во согласност со членовите 20, 21, 22, 25 и 28 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“) бр.05/02.

Од фактите утврдени при извршениот редовен инспекциски надзор на ден 16.09.2017 година, на законитоста на одлуката и над постапката на донесувањето (според член 5 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа) на Одлуката бр.09-337/2, и другите активности преземени од страна на инспекторот, кој го составил Записникот со арх.бр.08-339/2, е констатирано дека гореспоменатата одредба не е во согласност со член 22 став (1), точките 1-13 став (2) и став (3) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“) бр.05/02, бидејќи во истиот член не им е дадено надлежност на членовите на Советите на општините и општините во градот Скопје за да носат одлуки за населување и интеграција на мигранти на територија на општина Аеродром, бидејќи таа надлежност е на органите од централната власт.

Запрената одлука не е законита, бидејќи Советот на општина Аеродром, ја донел Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, без исполнување на законските одредби од член 9, како и без претходно обезбедени финансиски средства за организирање на референдум, во согласност со член 62 став (1) и став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РМ“) бр.81/05.

Со оглед на тоа дека Советот на општина Аеродром, со запрената Одлука за распишување на референдум на локално ниво во општина Аеродром, (Одлука бр.09-337/2 од 07.09.2017 година, донесена од Советот на општина Аеродром, кое со закон не е пропишано, Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10, 187/13 и 43/14. Одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“) и на web страната на МЛС во делот на ДИЛС.

Доставено до: Градоначалникот на општина Аеродром и Претседателот на Совет на општина Аеродром.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение е дозволена жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Бр. 02-826/1
22 септември 2017 година
Скопје

в.д. Директор,
Агим Муртезанов, с.р.

2704.

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 1 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10, 187/13 и 43/14 го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Примената на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво (Одлука бр.08-3069/8 од 30.08.2017 година), донесена од Советот на Општина Кавадарци, објавена во („Службен гласник на Општина Кавадарци“) бр.62/2017, СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“) бр.158/10, 187/13 и 43/14 по службена должност изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на општина Кавадарци објавени во („Службен гласник на Општина Кавадарци“) бр. 62/2017, кои Градоначалникот на Општина Кавадарци согласно членот 71 став 1 од Законот за локалната самоуправа ги достави до овој Орган на 12-09-2017 година, и утврди дека Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, (Одлука бр.08-3069/8 од 30.08.2017 година, донесена од Советот на општина Кавадарци, не е во согласност со членовите 20, 21, 22, 25 и 28 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“) бр.05/02.

Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 21.09.2017 година, на законитоста на одлуката и над постапката на донесувањето (според член 5 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа) на Одлуката бр.08-3069/8, и другите активности преземени од страна на инспекторот, кој го составил Записникот со арх.бр.08-358/1, како и по добивање на бараната дополнителна документација, од претставникот на општина Кавадарци, е констатирано дека гореспоменатата одредба не е во согласност со член 22 став (1), точките 1-13 став (2) и став (3) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“) бр.05/02, бидејќи во истиот член не им е дадено надлежност на членовите на Советите на општините и општините во градот Скопје за да носат одлуки за населување и интеграција на мигранти на територија на општина Кавадарци, бидејќи таа надлежност е на органите од централната власт.

Запрената одлука не е законита, бидејќи Советот на општина Кавадарци, ја донел Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, без исполнување на законските одредби од член 9, како и без претходно обезбедени финансиски средства за организирање на референдум, во согласност со член 62 став (1) и став

(2) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РМ“) бр.81/05.

Со оглед на тоа дека Советот на општина Кавадарци, со запрената Одлука за организирање на референдум на локално ниво во општина Кавадарци, (Одлука бр.08-3069/8 од 30.08.2017 година, донесена од Советот на општина Кавадарци, кое со закон не е пропишано, Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија”) бр.158/10, 187/13 и 43/14. Одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во („Службен весник на Република Македонија“) и на web страната на МЛС во делот на ДИЛС.

